27.07.2017г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Верица Димова за интервјуто насловено „Да ускратуваш родител на дете е злосторство“, објавено на интернет порталот „Мајка и дете“ (www.majkaidete.mk).**

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Текстот е професионален, етички и испочитувани се професионалните стандарди**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 7 јуни 2017 Верица Димова поднесе жалба за интервјуто со наслов „Да ускратуваш родител на дете е злосторство“, објавен на 5 јуни 2017 година, на интернет порталот „Мајка и дете“.

Жалителката наведува дека објавениот текст, во кој е интервјуиран нејзиниот поранешен сопруг, содржи неточно и нефер известување, нарушување на презумпција на невиност и заштита на сведоци, заштита на деца и малолетници, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, незаштитена малолетна публика, навреда и клевета.

*„Порталот изнесува лична приказна, но имплицира истовремено и вина кон мене како втора засегната страна, без ниту мене лично да ме контактира, ниту пак да се обрати до релвантните институции. Сметам исто така дека наметнување на став дека правото на детето е загрозено е необјективно, лично, а како такво изнесено во јавноста го нарушува неговото право на анонимност бидејќи самиот портал објавил слика, име и презиме на таткото на детето, а со тоа јасно се имплицира кое е детето“*, се посочува во жалбата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Мајка и дете“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од „Мајка и дете“ одговорија дека ги отфрлаат наводите на жалителот како неосновани. Сметаат дека текстот обработува тема од јавен интерес и е во насока на иницијатива за менување на Законот за семејство. Според нив, интервјуираното лице е човек со име и презиме, кое самоиницијативно зборува за својата лична приказна и изнесува ставови на тема, која е од нивен интерес.

*„Госпоѓата Димова не го искористи своето право да се слушне нејзината страна од приказната, иако тоа и беше понудено. Поради сето наведено, Ве известуваме дека ја отфрламе во целост жалбата на г-ѓа Верица Димова како неоснована, затоа што и била дадена шанса да ги побие нејзините забелешки“,* се вели во одговорот на интернет порталот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на прилогот е **НЕОСНОВАНА.**

На седницата на 17.07.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во него. Нејзината надлежност е, единствено, да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата за жалби најде дека текстот произлегува од јавниот интерес и дека темата, и покрај тоа што е чувствителна, заслужува да биде предмет на обработка. Членовите на Комисијата утврдија дека во оспорениот медиумиски производ нема прекршување на општите новинарски стандарди и дека авторот во најголем дел ги испочитувал начелата содржани во Кодексот на новинарите.

Понатаму, Комисијата заклучи дека во интервјуто нема доволно елементи кои можат да се окарактеризираат како навреда и клевета, ниту дека се прекршени принципите на презумпција на невиност, на нарушување на приватноста и на заштита на малолетната публика. Ваквото гледиште Комисијата го темели на фактот што во текстот не се наведени имиња и презимиња, а детето, кое се споменува не е ставено во каков било негативен контекст.

Членовите на Комисијата утврдија дека авторот го испочитувал основното новинарско правило да обезбеди “втора страна“, но дека засегнатата страна, во случајов жалителот, одбил да се произјасни за својот став.

Комисијата најде дека медиумот требало да побара став и од Центарот за социјални работи, кој повеќе пати е споменат во текстот, и на тој начин, да се даде појасна слика за случајот за кој се говори во интервјуто.

Постулат на новинарската професија е да им се даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата за жалби укажува новинарите да внимаваат кога станува збор за чувствителни теми, а посебно да се внимава на заштитата на идентитетот на децата и заштита на децата. Чувствителните теми треба да се обработуваат во поширок контекст, се' со цел јавноста да добие поширока и посестрана претстава за конкретната тема и да се покаже конзистентност. Новинарите во вакви случаеви треба посебно да внимаваат при поставување на прашањата во текот на интервјуата, нивната формулација и да се одбегнуваат сугестии.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

**Се обврзува интернет порталот „Мајка и дете“ (www.majkaidete.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595